**ПРЕДЛОГ 7**

Годишното Собрание на Реплек АД Скопје одржано на 31.03.2014 година, на предлог на Управниот Одбор на Реплек АД Скопје за распределба на добивката по годишната сметка за 2013 година, а врз основа на член 50 од Статутот на Друштвото, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

за распределба на добивка според
Годишната сметка на Реплек АД од 2013 година

Добивката на Реплек АД Скопје според Годишната сметка за 2013 година се распределува за исплата на дивиденда во нето износ од 65,00 ЕУР по акција, односно 3.998,00 денари, и дел за награда за вработените во Групацијата РЕПЛЕК во вкупен бруто износ од 5.000.000,00 денари.

Исплатата на дивидендата и наградата на вработените ќе биде од акумулирана добивка од минати години.

Добивката од тековната година ќе се распредели во акумулирана добивка.

Последниот ден на истргувани акции со право на исплата на дивиденда се утврдува на 12.05.2014 година, односно за прв ден на истргувани акции без право на дивиденда се утврдува 13.05.2014 година. Правото на акционерите за исплата на дивиденда ќе се утврди со пресек на евиденцијата во акционерска книга на ден 15.05.2014 година.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
П р е т с е д а в а ч

__________________________